# ЦЕЛИ НА РЕВИЗИЈАТА

Ревизијата на успешност е спроведена со цел да даде придонес во подобрување на состојбите на затворските услови во РМ, преку оценка на сите фактори кои имаат влијание врз целокупните состојби од областа, а со цел понатамошното преземање на активности од страна на надлежните субјекти да придонесат кон подобрување на квалитетот на затворските услови, односно условите за престој во установите во РМ. Од прелиминарните истражувања кои ги извршивме за потребите на ревизијата произлегоа повеќе подрачја кои покажаа претпоставени или докажани ризици и кои беа основа за вршење на ревизијата на успешност. Нашата ревизија ја насочивме кон откриените ризични подрачја како и кон прашања поврзани со областа. Во тaa насока се фокусиравме на законската регулатива која ја опфаќа областа извршување на санкции и нејзината усогласеност со меѓународните стандарди, безбедносните аспекти во затворите со цел: утврдување на степенот на безбедност во установите во РМ со ризиците од недоволната кадровска екипираност на секторите за обезбедување, опременост на установите и извршувањето на работните задачи на обезбедувањето. Со увидите на затворските услови во смисла на сместувачки капацитети и преполнетост на истите, како и здравствената заштита, храна и хигиена кои установите ги обезбедуваат за осудените лица, и преку обезбедени финансиски средства за подобрување на затворските услови, реализација на стратешки документ за ресоцијализација и социјална адаптација и ефектите од спроведување на истиот на осудениците лица. Одговорите на сите гореспоменати ревизорски прашања и утврдувањето на причините за утврдените ризици упатуваат на одговорот на целта, дали активностите поврзани со подобрување на затворските услови е резултат само на усогласување на регулативата и превземените реформски активности како и активностите кои Управата и установите ги превземаат со цел да одговорат на потребите во смисла подобрување на затворските услови и потребата од подготвеност на истите во смисла од стратешки документи, стандардизирани процедури за сите установи па се до преземање на мерки и политики за подобрување на контролните механизми за оваа област.
Со ревизијата опфатени се повеќе ризици кои се определени кај следните области:

- **Законската регулатива од областа;**
- **Затворски услови;**
- **Ресоцијализација и социјална адаптација**

Произлезените ризици од прелиминарните истражувања заради подобро следење ги организиравме и подредивме по неколку подрачја/области за ревизија и тоа:

- Стратешките документи и конзистентност на целите и приоритетите на Управата со реалните потреби на установите во функција на подобрување на затворските услови;
- Безбедносните аспекти во установите во РМ – извршување на задачите на Секторите за безбедност, опреми за видео надзор и следење како основни показатели за степенот на безбедност во установите во РМ ;

- Пренатрупаност на установите во РМ во однос на расположливите сместувачките капацитети, давање на здравствена заштита на осудените лица;
- Недоволната кадровска екипираност и слабости во интерните акти на установите;
- Финансирањето од аспект на утврдување на критериуми за надомести за работно ангажирање, избор на приоритети за инвестирање и др.;
- Ресоцијализација и социјална адаптација и отсуство на стандардизирани процедури за постапување со осудени лица, стандардизирани редовни програми за третман на осудени лица, образовниот процес во установите и други значајни моменти кои се предуслов за достигнување на резултати од оваа област за период 2008-2010;
- Степен на реализација на Стратегијата за ресоцијализација и социјална адаптација на осудени лица, со постигнати резултати и утврдени показатели за успешност.

Ревизијата на успешност е спроведена со цел да даде оценка за примената на законската и подзаконската регулатива во областа, координацијата помеѓу институциите кои се надлежни за областа, стратешко планирање на ниво на Управа, имплементација и реални резултати од истото, финансирање во областа и известување за начинот на кој се спроведува надзорот и контролата од страна на надлежните институции условите кои придонесуваат за функционално и ефикасно исполнување на нивните законски обврски и други отворени прашања за кои се искажани состојбите во поглавјата Основни податоци и Ревизорски наоди од овој извештај. Периодот кој го опфативме со нашата ревизија за прашања кои се однесуваа на ризичните подрачја како и други прашања поврзани со поставената цел на ревизијата на успешност е дефиниран 2008/2010 година со одредени области и прашања кои го покриваат и периодот до ноември 2011 година.
Ревизијата на успешност која ја спроведе ревизорска екипа од Државниот завод за ревизија е извршена активност, планирана и спроведена согласно Годишната програма за работа на ДЗР за 2011 година.

Исто така, ревизијата на успешност е вршена со цел објективно презентирање на состојбите кај активностите преземени од страна на сите релевантни институции за посочената област како и други аспекти од нивното работење. Со оваа ревизија на успешност е опфатена област која до сега не била предмет на ревизија на успешност. Државниот завод за ревизија кај дел од надлежните институции во изминатите години и тековно вршел ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за кои се издадени соодветни извештаи. Избраната цел на ревизијата претставува предмет на интерес од повеќе аспекти и за повеќе целни групи.